Туристичка Агенција ``ТЕРРА ТРАВЕЛ СКАЈ `` ул. Козле бр.88 лок 4 – Скопје
Тел: +389 2 3100 199 / 3100 177
Лиценца А Рег.Број:13-5859/2
www.terratravel.com.mk terratravel@terratravel.com.mk

# БУКУРЕШТ

**ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕТО:** *4 дена / 2 ноќевања*

**02.мај (четврток) СКОПЈЕ - БУКУРЕШТ**
Состанок на паркингот пред СЦ "Борис Трајковски" во 18:30 часот. Поаѓање за Романија во 19:00 часот. Ноќно возење преку Бугарија со попатни паузи за одмор.

**03.мај (петок) БУКУРЕШТ**
Пристигнување во Букурешт во претпладневните часови. Панорамски разглед на градот со локален водич. Главниот град на Романија е познат уште и како „Мал Париз на Истокот“ заради своите монументи: Плоштадот на револуцијата, Операта, Војничката Академија, Триумфалната Капија, Палатата на Парламентот – најголемата административна зграда во Европа, Патријаршијата, Селото Музеј... Сместување во хотел. Навечер, факултативна вечера во традиционален ресторан. Ноќевање.

**04.мај (сабота) БУКУРЕШТ – СИНАЈА – БРАН – БРАШОВ**
Појадок. Слободен ден за индивидуални активности или факултативна екскурзија (Синаја, Бран и Брашов). Посета на градините на дворецот Пелеш во Синаја, еден од најубавите дворци во Европа, некогашна летна резиденција на романските кралеви. Продолжуваме кон Замокот Бран, познат уште како Замокот на Дракула. Изграден уште во XIV век, тука во 1462г. бил затворен Дракула. Патувањето продолжува кон градот Брашов, лоциран во централниот дел на земјата, во регионот Трансилванија. Градот е вистински музеј на отворено. Разглед на стариот градски центар во кој се наоѓа и познатата Црна Црква од XIVвек, најголемата готска црква во југоисточна Европа. Враќање во хотел. Ноќевање.

**05.мај (недела) БУКУРЕШТ– ТЕРМЕ – БУКУРЕШТ**
Појадок. Околу 10 часот можност за факултативно заминување кон Термалните Бањи кој се наоѓаат во Северниот дел на Букурешт на само 10 минути од ценарот на градот. Терме Букурешт е центар за велнес, релаксација и забава со површина од 30.000 м2, се заснова на термални води, лоцирани на 20 км северно од Букурешт, во Балотести. Главните елементи на овој центар се осум загреани базени, каде водата постојано има температура од 33 Целзиусови степени. Температурата на воздухот е секогаш помеѓу 29 и 30 Целзиусови степени, а центарот е отворен од 9:30 до 23:30 часот во работните денови и 9 наутро наутро до 00:00 часот на полноќ за време на викендите. Овој парк не содржи само термални базени, туку и најголема покриена како и надворешна градина со растенија во оваа земја. Градината е составена од над 800.000 растенија и стотици видови дрвја, вклучувајќи ја и најголемата плантажа за палми во Европа. Главната привлечност на ова место е Дрвото на животот, кое е едно од најголемите растителни реткости на денешницата. Враќање во хотел. Ноќевање.

**06.мај (понеделник) БУКУРЕШТ– СНАГОВ – СКОПЈЕ**
Појадок. Напуштање на хотелот. Посета на езерото Снагов и истоимениот остров, на кој се наоѓа манастирот со гробот на Дракула. Се верува дека местото е полно со тајни и мистерии. Слободно време до заминување за Скопје, во попладневните часови. Ноќно возење преку Бугарија, со попатни паузи за одмор. Пристигнување во Скопје следниот ден во раните утрински часови.

**Цена на аранжманот во претпродажба до 31.03.2024: 189€ (11.718,00 мкд)**
**Цена на аранжманот: 209 € (12.958,00 мкд)**

**Во цената на аранжманот е вклучено:**
- Превоз со туристички автобус на наведената релација
- Сместување во хотел Ibis Politehnica *** на база 3 ноќевања со појадок
- Организирани разгледи согласно програмата
- Организација на аранжманот и придружник на патувањето

**Во цената на аранжманот не е вклучено:**
- Туристичка такса, наплата на рецепција во хотел
- Факултативен излет Терме Букурешт
- Влезници за музеите и културно-историските споменици (Peles Castle - 11€ /Bran Castle - 14€ по лице)
- Факултативна вечера во национален ресторан
- Факултативен разглед на Синаја, Бран и Брашов (40 €)

- Патничко здравствено осигурување
- Доплата за еднокреветна соба (60 €)

**НАПОМЕНИ:**

- Патниците се запознаени со новата регулатива за важност на патните документи на РСМ од 12.02.2024
- За реализација на аранжманот, потребен е минимум од 40 патници.
- Цената е изразена по лице за пакет аранжман во двокреветна соба.
- За патување потребено е да се поседува валиден биометриски пасош, со важност најмалку уште 3 месеци.
- Организаторот го задржува правото во случај на недоволен број пријавени, да го откаже аранжманот најдоцна 7 дена пред датумот на тргнување
- За реализација на факултативите потребен е минимум од 35 патници, организаторот го задржува правото во случај на не доволен број пријавени да ја промени цената на факултативите или истата да ја откаже.